**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**
**Данела Арсовска**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Снежана Митревска**
**Раководител на Сектор за финансиски прашања**

# ПРЕДЛОГ ОДЛУКА
## за изменување на
## Одлуката за давање на помош на семејствата на загинатите во пожарот во модуларната болница во Тетово

**Скопје, јануари 2022 година**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа Советот на Град Скопје, на _________ седница, одржана на ______________, донесе

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА
за изменување на
Одлуката за давање на помош на семејствата на загинатите во пожарот во модуларната болница во Тетово

Член 1

Во Одлуката за давање на помош на семејствата на загинатите во пожарот во модуларната болница во Тетово *(„Службен гласник на Град Скопје“* бр. 13/21), во членот 2, бројот „2021“ се менува со бројот „2022“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број _______
_______2022 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правниот основ за донесување на предложената Одлука е член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02) со кој е утврдено дека Советот на Градот Скопје е надлежен да донесува ваков вид на акти. Во член 24 од Одлуката за извршување на Буџетот на Град Скопје за 2022 година (“Службен гласник на Град Скопје” број 16/21), е предвидено дека за средствата утврдени во Буџетот во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот, а ги извршува Градоначалникот.

Скопје стана град на солидарност и хуманост по катастрофалниот земјотрес во кој загинаа над илјада лица. Веднаш по катастрофата, целиот свет застана зад Скопје.

Како израз на солидарноста кон трагично загинатите во пожарот во модуларната болница во Тетово се предлага Град Скопје да издвои парична помош за секое загинато лице во висина од **100.000** денари во нето износ на семејството.

Од причини што Буџетот на Град Скопје за 2021 година се затвори, а списоците на семејствата на загинатите во пожарот во модуларната болница во Тетово не беа комплетно пристигнати и потврдени од страна на надлежните органи , предлагаме оваа обврска да се префрли во Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Од наведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ